**ГРАД СКОПЈЕ**
СЕКРЕТАР

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-1110/0

Бул. Илинден 82
1000 Скопје
www.skopje.gov.mk

тел: 02/ 3 297 281

**Наш број:** 09-13821/1
19-12-2024
**Скопје**

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/2019, 14/2020 , 215/2021, 99/2022 и 208/24), Секретарот на Град Скопје донесе

## О Д Л У К А

за избор на кандидат по интерен оглас

1.По интерен оглас бр.09/2024 за пополнување на работно место со унапредување, за извршител на работното место Раководител на Одделение за подготвителни работи, недвижен имот, постапка за експропријација на недвижности и имотно правни работи, шифра УПР0101Б04000, на ниво Б4, Одделение за подготвителни работи, недвижен имот, постапка за експропријација на недвижности и имотно правни работи, Сектор за планирање и уредување на просторот, се избира кандидатот **Славица Живковиќ**.
2.Именуваната ќе биде унапредена на работното место од претходната точка, по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе решение за унапредување.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 04.12.2024 година на интернет страницата на Град Скопје и Агенцијата за администрација, Град Скопје објави Интерен оглас бр.09/2024 за пополнување работно место со унапредување.

Комисијата за селекција за унапредување, формирана со Решение на Секретарот на Град Скопје бр.09-12947/6 од 11.12.2024 година, ја спроведе административната селекција и по спроведеното интервју од Секретарот на Град Скопје, изготви Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат, во којашто за работното место Раководител на Одделение за подготвителни работи, недвижен имот, постапка за експропријација на недвижности и имотно правни работи, шифра УПР0101Б04000, на ниво Б4, Одделение за подготвителни работи, недвижен имот, постапка за експропријација на недвижности и имотно правни работи, Сектор за планирање и уредување на просторот, предложи Секретарот на Град Скопје да го избере кандидатот Славица Живковиќ.

Врз основа на горенаведеното, Секретарот на Град Скопје изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право во рок од 8 дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.

**ДОСТАВЕНО ДО:**
- Избраниот кандидат;
- Секторот за управување со човечки ресурси;
- Архивата.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАД СКОПЈЕ - СКОПЈЕ
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT QYTETI I SHKUPIT - SHKUP

**Град Скопје**
**Секретар**

**Зоран Глигоров**